Република Македонија
Министерство за финансии

МФРМ.Ф.8.4/13-19

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр. 03-345/1
10-01-2019 201 год.
СКОПЈЕ

Трговско друштво за производство, промет и услуги МИНАКО ДОО увоз извоз
Бр. 03-17/1
10.01. 2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки - потрошни материјали за тоалети за објект во Струмица

Склучен помеѓу:

1. Министерство за финансии на Република Македонија, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12, Скопје, претставувано од д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, во понатамошниот текст: договорен орган и
2. Трговско друштво за производство, промет и услуги „МИНАКО" ДОО увоз извоз Скопје со седиште на Булевар „Партизански Одреди" бр.40/6, Скопје, претставувано од Анита Максимовска Радеска, управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка и испорака на потрошни материјали за тоалети во објектот на договорниот орган што се наоѓа на ул.„Светозар Марковиќ" бр.1 во Струмица, во период од 1 (една) година.

Техничките карактеристики на потрошните материјали и максималните количини по видови на потрошни материјали за период од 1 (една) година се дадени во прилог кон овој договор и потрошните материјали што носителот на набавката ќе ги испорачува за време на важењето на договорот треба да се во согласност со нив.

Договорниот орган нема обврска да ги набави максималните количини предвидени со овој договор.

Во периодот на важење на договорот договорниот орган, во зависност од своите потреби, може да набавува во рамките на предвидените количини од одделен вид на потрошен материјал и во рамките на вкупната договорена максимална вредност на договорот.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Единечните цени за потрошниот материјал за тоалети дадени во прилогот на овој договор, се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот и ги опфаќаат сите трошоци што ги има носителот на набавката до испораката на локацијата посочена од договорниот орган.

Вкупната максимална вредност на договорот е 775.835,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

При фактурирањето носителот на набавката ќе пресметува данок на додадена вредност по законски пропишана стапка.

Вкупната максимална вредност на предметот на набавката е 915.485,00 денари, со пресметан данок на додадена вредност.

## III. НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

### Член 3

Испораката на потрошните материјали за тоалетите ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган и исклучиво врз основа на порачка издадена од договорниот орган.

Порачката од став 1 на овој член треба да има потпис од овластен потписник, архивски број и печат.

Порачката треба да содржи: вид и количина на потрошниот материјал што се порачува, единечна мера, место на испорака, рок на испорака и лице за прием на материјалите.

Секоја испорака на потрошни материјали од страна на носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената порачка или ќе биде извршена без порачка издадена од договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

Потрошните материјали предмет на овој договор ќе се испорачуваат со испратница на носителот на набавката на која лицето задолжено кај договорниот орган за примање на материјалите ќе го потврди приемот.

Испораката на потрошниот материјал ќе се врши во Струмица во објектот на Министерството за финансии лоциран на ул.„Светозар Марковиќ“ бр.1 (објект на поранешната полициска станица).

Потрошните материјали предмет на овој договор, носителот на набавката е должен да ги испорачува во рок од 2 (два) работни дена сметано од денот на приемот на порачката, од страна на носителот на набавката.

## IV. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Носителот на набавката е должен со денот на потпишување на овој договор да му достави на договорниот орган безусловна, наплатлива на прв повик и неотповиклива банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност, како средство за обезбедување на договорниот орган дека носителот на

набавката навремено, квалитетно и согласно со условите предвидени во овој договор ќе го реализира предметот на договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да биде издадена од банка со седиште во Република Македонија или пак од странска банка која има најмалку „BBB" кредитен рејтинг издаден од следните агенции за кредитен рејтинг: MOODYS INVESTOR SERVICE, STANDARD and POORS и FITCH RATINGS, за последната година.

Гаранцијата треба да е со важност до целосното реализирање на договорот, односно во траење од најмалку 13 (тринаесет) месеци сметано од денот на склучувањето на договорот.

Во случај на продолжување на рокот за реализација на договорот носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од овој договор со што ќе објави негативна референца на ЕСЈН.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

## V. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 5

Плаќањето ќе се врши вирмански во рок од 30 (триесет) дена по доставувањето на фактурите од носителот на набавката, во прилог со порачката од Министерството за финансии и испратница за извршената испорака.

Плаќањето ќе се врши согласно Договор за групна набавка склучен помеѓу горенаведените институции, односно по направена порачка и извршена испорака, носителот на набавката доставува 4 (четири) фактури и тоа по една фактура до

секоја институција, пресметана сразмерно на процентуалното учество во вкупната површина на објектот на Договорните органи потписници на Договорот за групна набавка и тоа:

1. Министерство за финансии, со седиште на ул.„Даме Груев" бр.12 Скопје – 12% од вкупната вредност на порачката;

2. Управа за јавни приходи, со седиште на бул.„Кузман Јосифовски Питу" бр.1 Скопје – 46% од вкупната вредност на порачката;

3. Агенција за катастар на недвижности, со седиште на ул.„Трифун Хаџијанев" бр.4 Скопје – 30% од вкупната вредност на порачката;

4. Управа за водење на матичните книги, со седиште на бул.„Св. Кирил и Методиј" бр.54 Скопје – 12% од вкупната вредност на порачката.

Фактурите за извршената испорака се доставуваат до адресите на горенаведените институции.

Во фактурите задолжително треба да се наведе архивскиот број и датум на порачката издадена од договорниот орган врз основа на која е извршена испораката.

Кон фактурите се приложува испратница со која се потврдува уредно извршената испорака.

Доколку доставените фактури не содржат испратница, плаќањето нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 6

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја врши испораката редовно, навремено и квалитетно согласно со видот, количините и единечните цени наведени во прилогот на овој договор.

Носителот на набавката се обврзува дека потрошните материјали што ќе ги испорачува ќе бидат од типот и производителите што ги посочил во понудата и ќе ги имаат истите технички карактеристики како во прилогот кон договорот.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметната набавка кој е дефиниран во член 3, став 7 на овој договор.

Носителот на набавката се обврзува да изврши замена на потрошниот материјал што договорниот орган ќе го рекламира.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 7

Договорниот орган се обврзува во секоја нарачка да определи лице кое ќе биде задолжено да изврши квалитативен и квантитативен прием на порачаниот потрошен материјал.

Член 8

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето за извршената испорака ќе го врши во рокот утврден во член 5, став 1 на овој договор.

## VIII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

## IX. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 10

За секој ден доцнење во извршувањето на испораката од страна на носителот на набавката, носителот на набавката се обврзува на договорниот орган да му плати казна во висина од 0,5% од вредноста на поединечната набавка.

Обврската за исплата на казната од став 1 на овој член носителот на набавката е должен да ја вкалкулира, т.е. одбие од вкупната вредност на поединечната набавка за која имал доцнење.

Договорниот орган ќе бара активирање на банкарската гаранција за извршување на договорот од член 4, доколку носителот на набавката доцни со испораката на потрошниот материјал повеќе од 10 работни дена, сметано од наредниот ден по истекот на рокот наведен во член 3, став 7 од договорот.

## X. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 11

Овој договор може да се раскине спогодбено со согласност на двете договорни страни.

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 13

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради неисполнување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

## XI. ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ

Член 14

Договорните страни се ослободуваат од одговорност за преземените обврски по овој договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од волјата на договорните страни, а што го отежнуваат или оневозможуваат исполнувањето на договорот.

Член 15

Како случаи и околности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: војна, воени дејствија, мобилизација, штрајк, пожар, сообраќајни незгоди, елементарни непогоди и други природни катастрофи, кои во значителна мера ќе го оневозможат извршувањето на обврските од договорот.

Договорниот орган и носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за губиток, штета, повреда или неизвршување на одредбите на овој договор, кои се предизвикани со настани независни од волјата на договорните страни.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Договорот влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 17

Дополнување или изменување на одредбите на овој договор може да се изврши само со заемна согласност на договорните страни.

Договорната страна која бара изменување или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат или дополнат со склучување на анекс на договорот.

Дополнувањето или измените на овој договор ќе се изврши со анекс кон овој договор.

Член 18

За се што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 19

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе ги решава Основниот суд Скопје II Скопје.

Член 20

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

| Договорен орган: | Носител на набавка: |
|---|---|
| Република Македонија | Трговско друштво за производство, |
| Министерство за финансии | промет и услуги „МИНАКО“ |
| Скопје | ДОО увоз извоз Скопје |
| д-р Драган Тевдовски | Анита Максимовска Радеска |
| Министер за финансии | Управител |

Изработил: Мариа Анѓелеска
Согласен: Татјана Васева
Одобрил: Гордана Сусулеска Итиќ
Одобрил: Елена Трпковска

Провериле: м-р Татјана Трајковска/ Тања Танеска Лазаревска

Прилог - Технички карактеристики, максимални количини по видови и единечните цени на потрошните материјали за тоалети предмет на договорот

| РБ. | Технички карактеристики (опис) | Марка, тип, производител и земја на производство | Единица мерка | Количина | Единечни цени без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Течен сапун за миење на раце со ph неутрален фактор, антибактериски, во пакување од 1 литар со пумпица | Фобас Р. Македонија | литар | 800 | 72 |
| 2. | Освежувач на простории во пакување од 0,5 литри со распрскувач | Рексан Турција | литар | 50 | 127,1 |
| 3. | Тоалетна хартија - листови 100% целулоза, бела боја, минимум двослојна, со 200 листа во сет, преклопени, со димензии 18.5 x 12.5 см и грамажа на м2 од 32 гр. | Кимберли - Кларк Германија | сет | 4000 | 76,27 |
| 4. | Бришачи за раце - листови, 100% целулоза, бела боја минимум двослојна со 200 листа во сет, со димензии 20.5 x 21 см и грамажа на м2 од 17 гр. | Еурокарта Италија | сет | 6000 | 67,8 |